### ВО ПОСЕТА НА НАШИТЕ УМЕТНИЦИ

# РАДИКА Е МОЈА ИНСПИРАЦИЈА

## — ВЕЛИ СЛИКАРОТ **ТОМЕ ВЛАДИМИРСКИ**, КОЈ НА ТАА ТЕМА ПОДГОТВУВА И ТЕМАТСКА ИЗЛОЖБА

Познатиот скопски сликар, Томе Владимирски, кој пред неколку години се претстави со својата тематска изложба „Крај Вардар", и овојпат се подготвува своите платна тематски да ги ориентира и, низ еден циклус од четириесет слики, да ја предаде Радика. Со овој циклус, Владимирски на извесен начин ја дополнува својата и инаку богата панорама на светот од македонското поднебје со што, уште во периодот меѓу двете војни, доаѓа во редот на оние сликари кои, по војната, ќе ја претставуваат авангардата во македонското современо сликарство. По тој повод се интересиравме за оваа нова тематска преокупација на сликарот. Тој ни рече:

**— Тематската изложба, што ќе носи наслов „Низ Радика", содржи четириесет платна и ќе ја отворам во Скопје, најверојатно, по изложбата со која ќе настапи нашата група, што ја претставува генерацијата меѓу двете војни.**

— „Низ Радика" е втора по ред Ваша тематска изложба. Би било интересно да ни кажете нешто повеќе за вашите тематски преокупации воопшто?

**—Па, познато е веќе, дека својата сликарска палета уште од почетокот сум ја сврзал за македонското поднебје. Скопје, Охрид и други градови и краишта од нашата земја отсекогаш биле мојата инспирација. Постојат и други краишта надвор од Македонија, што често ме инспирирале сликарски да ги изразам. „Крај Вардар" беше еден целосен циклус, тематски определен. Постојат и други помали или поголеми циклуси што исто така, се сврзани за еден град, за еден крај.**

— Разбирливо, Радика е Ваше доживување. Тоа најубаво ќе се почувствува на самите слики, што ќе ги видими на оваа изложба но, би било интересно, да разбереме нешто и пред да дојде до нејзиното отворање, имено, тоа доживување со неколку збора да ни го предате и по овој пат.

**— Со години, Радика е навистина едно мое големо доживување, што го носам во себе и што, ете, сликарски го искажувам. Тоа е длабоко во мене и јас постојано го продлабочувам, доближувајќи се до светот на Радика ,откривајќи го, здружувајќи се со него. Затоа што Радика не е само река, чии шумови испреплетуваат најубави тонови, кога ќе се биде со реката и со нејзиниот живот. Нејзините бои, нејзиниот свет, и овој што е покрај неа, претставуваат богат извор за инспирација. Ете, постои таа река што ја избраздила земјата и каманот, постои нејзиниот свет внатре и нејзиниот свет надвор од неа, и тие се постојано заедно, живеат еден живот кој поинаку не би можел да се живее, неразделиви се и еден без друг никогаш не можат. Доживувајќи ја така, јас не можев а да не ја претставам, да не ѝ дадам и еден друг живот, тука на моите платна. Така е создаден целиот циклус.**

— Лирското чувство отсекогаш било присутно на Вашите платна, па и овојпат, според Вашите зборови, ќе биде нагласено. Разбравме дека овојпат ќе му дадете, имено ќе го дополните и со една нова форма?

**— Да, овојпат тоа доживување сакам да го пренесам и на некој поет. Желба ми е Радика да биде и едно доживување на поетот. Не да ги илустрира моите слики со стихови, туку со својот јазик да ги искаже оние доживувања на Радика, што би можеле да се најдат на моите слики. На тој начин, би се обидел и тоа доживување да биде составен дел на мојата нова изложба.**

**(Р. П.)**